20252364582

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 42-г став (4) од Законот за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19 и 3/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за дигитализација (во натамошниот текст: Годишниот извештај).

Член 2

Годишниот извештај се изготвува во електронска форма.

Годишниот извештај содржи табеларен приказ на планираните активности, статус на реализација на активностите и реализираните средства за активностите за секоја институција одделно.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1763/4
14 ноември 2025 година
Скопје

Министер
за дигитална трансформација,
**Стефан Андоновски**, с.р.